Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 септември 2023 година**

**Скопје, септември 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 септември 2023 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 179-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 август 2023 година**

1. Годишна сметка за 2022 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип во 2022 година, со Извештај од независниот ревизор, со дополнување и предлог-одлуки

2. Информација во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на Годишна сметка за 2022, 2023 и 2024 година за потребите на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука

3. Годишна сметка на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост за 2022 година, Финансиски извештај за 2022 година, Извештај за работењето во 2022 година, Извештај од независните ревизори и Извештај од Надзорниот одбор за резултатите од извршената контрола над управувањето со Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција"- Скопје, во државна сопственост за 2022 година, со предлог-одлуки

4. Барање за добивање на согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите, со Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.58707, КО Кисела Вода 1, на КП бр.4939/2)

6. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.809, КО Гази Баба, на КП бр.1732)

7. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.60458, КО Кисела Вода 1, на КП бр.4939/2)

8. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр. 48277, КО Гази Баба, на КП бр.1247 и КП бр.1248)

9. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.48053, КО Гази Баба, на КП бр.1890)

10. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.587482, КО Кисела Вода 1, КП бр.4939/2)

11. Предлог-одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

12. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово (училиште, КО Студена Бара)

13. Национална стратегија за развој на лозарството и винарството за периодот 2023-2033 година

14. Годишен извештај за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година

15. Информација за потребата од пополнување на испразнети работни места во Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје кои се неопходни за непречено одвивање на процесот на работа

16. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Аполонија, со Предлог-решение

17. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Пеинт ит блек, Гевгелија, со Предлог-решение

18. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Принцесс гроуп ДОО, Гевгелија, со Предлог-решение

19. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Скардус, Тетово, со Предлог-решение

20. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино, со Предлог-решение

21. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот „Марков Стап“, Општина Росоман, со Предлог-решение

22. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“, Општина Ранковце, со Предлог-решение

23. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со доставено Известување за поведена арбитражна постапка од страна на Групацијата Амадеус и Амадеус девелопмент ДООЕЛ против Република Северна Македонија пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID) со број ICSID Case No. ARB/23/35

24. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки, произлезени од меѓународни договори во врска со доставено Известување за поведена арбитражна постапка од страна на FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31) пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID)

25. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-кварцит на локалитетот „Црн Врв“, Општина Пробиштип и Општина Кратово

26. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за транспорт и врски (Имотен лист бр.46956, КО Центар 1, КП бр.9518)

27. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Сенатор Македонија“ ДОО Скопје, со седиште на булевар „АВНОЈ“ бр.34 Скопје-Аеродром за деловната просторија во Подружница бр.5 Веро Скопје на бул.„Јане Сандански“ бр.79А Л4/5 Скопје.

28. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.91192 и Имотен лист бр.148354, за КО Охрид 4, на КП бр.6002/8, викано место/улица „Горица“

29. Понуда од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95375 за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев, на КП бр.4940, викано место/улица „4 Јули“

30. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 117473 за КО Центар 1 на КП бр. 10900/14 и КП бр. 10900/15 викано место/улица „М.Т.Гологанов“, Имотен лист бр.112729, за КО Центар 1, на КП бр.10900/2, КП бр.10900/4, КП бр.10900/8, КП бр.10900/16 и КП бр.10900/18, викано место/улица „М.Т.Гологанов“, Имотен лист бр.112728, за КО Центар 1, на КП бр.10901/2, КП бр.10901/3 и КП бр.10901/8, викано место/улица „И.Р.Лола“, Имотен лист бр.111603, за КО Центар 1, на КП бр.10926/2, викано место/улица „М.Т.Гологанов“, Имотен лист бр.112730, за КО Центар 1, на КП бр.10913/29 и КП бр.10913/32, викано место/улица „И.Р.Лола“, Имотен лист бр.111588, за КО Центар 1, на КП бр.10927, викано место/улица „М.Т.Гологанов“ и Имотен лист бр.111605, за КО Центар 1, на КП бр.10930/2, викано место/улица „М.Т.Гологанов“

31. Понуда од нотар Методија Ристоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1491 и Имотен лист бр.17, за КО Злокуќани , на КП бр.397 и КП бр.407, викано место/улица „Јурија“

32. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за недвижен имот на КП бр.10900/16, КП бр.10900/18, КП бр.10900/2, КП бр.10900/4, КП бр.10900/8 запишани во Имотен лист бр. 112729 КО Центар 1 и КП бр.10901/2, КП бр.10901/3 и КП бр. 10901/8 запишани во Имотен лист бр. 112728 КО Центар 1, викано место/улица „Иво Лола Рибар“, на кој недвижен имот е сосопственик со Република Северна Македонија.

33. Кадровски прашања

34. Прашања и предлози

35. Годишен извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2022 година

36. Полугодишен извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, за периодот јануари-јуни 2023 година

37. Акциски план за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерството за финансии-Царинска управа

38. Информација за потпишување на Договорот за давање на дивеч во ловиште бр.2 „Копришница“ на користење-концесија по две завршени постапки пред Управниот суд и запирање на жалбената постапка од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки

39. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот април-јуни 2023 година

40. Информација со Акциски план на активности за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на усогласеност Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година

41. Информација во врска со поднесени тужби против Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија по основ на исплата на регрес за годишен одмор, новогодишен надоместок, за исплата на разлика во плата согласно задолжувања, односно овластувања, како и добиените пресуди по овој основ

42. Информација за одржување на министерски состанок во рамки на Третиот самит на први дами и господа во Киев, Украина, со текст на Изјава

43. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за осигурување за едрилицата YU- 4108 „Илинденка", дел од културно наследство на Република Србија, на Аеромитингот во Стенковец, Република Северна Македонија, по повод сто години постоење на Аероклубот Скопје, со Предлог-одлука

44. Предлог-одлука за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина-варовник на локалитетот „Каратаж", с.Горна Бањица, Општина Гостивар од Друштвото за производство и трговија на големо и мало Мали Лошињ ДОО експорт-импорт Скопје на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги Калцит минерал ДООЕЛ експорт-импорт Горна Бањица, Гостивар

45. Информација за потреба од склучување заем на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје со Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, за консолидација и нормализирање на финансиското работење на Друштвото, со Анализа на потребни дополнителни средства на месечно ниво за непрекинато функционирање на железничкиот систем и предлог-одлуки

46. Информација во врска со потребата за спроведување на тендерска постапка по пат на јавен повик за избор на универзален снабдувач

47. Информација за изложување на едрилицата YU-4108 „Илинденка", дел од културно наследство на Република Србија, на Аеромитингот во Стенковец, Република Северна Македонија по повод сто години постоење на Аероклубот Скопје ДОО

48. Информација за потребата за потпишување на Договор помеѓу Република Северна Македонија и Португалската Република во врска со соработката во областа на одбраната, со усогласен текст на Договор

49. Предлог-програма за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2023 година

50. Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 15 Енергетика и 21 Трансевропски мрежи, од Кластер 4 Зелена агенда и одржлива поврзаност, на 14 и 15 септември 2023 година, во Брисел, со прилози

51. Информација во врска со Договорот за изградба на Автопат Кичево-Охрид

52. Информацијa за потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија да го застапува Министерството за транспорт и врски пред Постојниот избран суд-Арбитража при Стопанска комора на Република Северна Македонија, по тужба, добиена од тужителот ГД Гранит АД Скопје

53. Информација за потребата од учество на Република Северна Македонија во пилот-програмата за копродукција на сериска телевизиска програма на Еуримаж, со усогласен текст на Договор

54. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави  и справување со последиците од нив („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/23), за период од 20 јуни 2023 година до 19 јули 2023 година

55. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 17 август 2023 година до 23 август 2023 година

56. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 18 август 2023 година до 24 август 2023 година

57. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево и Крива Паланка и дел од Општина Ранковце, с.Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од 15 август 2023 година до 21 август 2023 година

58. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 11 август 2023 година до 17 август 2023 година

*

*         *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 август 2023 година.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги разгледа Годишната сметка за 2022 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип во 2022 година, со Извештајот од независниот ревизор, со дополнувањето и предлог-одлуки и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2022 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип во 2022 година.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата искажана во Годишната сметка за 2022 година на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“-Пробиштип.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да преземе активности за надминување на забелешките изнесени во Извештајот на независниот ревизор.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на Годишна сметка за 2022, 2023 и 2024 година за потребите на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2022, 2023 и 2024 година на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

**Точка 3**

Владата по Годишната сметка на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост за 2022 година, Финансискиот извештај за 2022 година, Извештајот за работењето во 2022 година, Извештајот од независните ревизори и Извештајот од Надзорниот одбор за резултатите од извршената контрола над управувањето со Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција"- Скопје, во државна сопственост за 2022 година, со предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка за 2022 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост.

2. Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за 2022 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост.

3. Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост во 2022 година.

4. Одлуката за распределба на добивката на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост за 2022 година.

**Точка 4**

Владата по Барањето за добивање на согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање на согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите на Приватниот научен институт за сеизмички отпорни градби и климатски промени-ИСОГКП, со заклучок во текстот на Ценовникот да се внесат забелешките од Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.58707, КО Кисела Вода 1, на КП бр.4939/2).

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.809, КО Гази Баба, на КП бр.1732).

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.60458, КО Кисела Вода 1, КП бр.4939/2).

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр. 48277, КО Гази Баба, на КП бр.1247 и КП бр.1248).

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.48053, КО Гази Баба, на КП бр.1890).

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.587482, КО Кисела Вода 1, КП бр.4939/2).

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово (училиште, КО Студена Бара).

**Точка 13**

Владата ја донесе Националната стратегија за развој на лозарството и винарството за периодот 2023-2033 година.

**Точка 14**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година.

**Точка 15**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од пополнување на испразнети работни места во Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје кои се неопходни за непречено одвивање на процесот на работа, поради потребата предлагачот истата да ја усогласи со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Аполонија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Пеинт ит блек, Гевгелија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Принцесс гроуп ДОО, Гевгелија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор).

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Скардус, Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“ Општина Неготино.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот „Марков Стап“, Општина Росоман, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот „Марков Стап“, Општина Росоман.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“, Општина Ранковце, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“, Општина Ранковце.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со доставено Известување за поведена арбитражна постапка од страна на Групацијата Амадеус и Амадеус девелопмент ДООЕЛ против Република Северна Македонија пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID) со број ICSID Case No. ARB/23/35 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори/заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а во врска со доставеното Известување за поведена арбитражна постапка од страна на Групацијата Амадеус и Амадеус девелопмент ДООЕЛ против Република Северна Македонија пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID), во најкраток можен рок да ги преземе сите потребни активности за обезбедување на меѓународен застапник што ќе обезбеди застапување и правна стручна поддршка на Република Северна Македонија со цел формирање на одбрана во сите фази на поведената арбитражна постапка и до Владата да достави информација со предлози за понатамошно постапување.

2. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори/заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, најдоцна во рок од седум дена, да свика состанок на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори на кој ќе се разгледа предметот и ќе се состави предлог-листа на меѓународни адвокатски куќи и за истото ќе достави информација до Владата по претходна консултација со експерти од областа.

Истовремено, се задолжува Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Општина Центар во рок од пет дена да номинираат свои претставници кои ќе учествуваат во работата на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори за овој арбитражен предмет.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки, произлезени од меѓународни договори во врска со доставено Известување за поведена арбитражна постапка од страна на FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31) пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го задолжи претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки, произлезени од меѓународни договори/заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а во врска со доставено Известување за поведена арбитражна постапка од страна на FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31), во најкраток можен рок да ги преземе сите потребни активности за обезбедување на меѓународен застапник што ќе обезбеди застапување и правна стручна поддршка на Република Северна Македонија со цел формирање на одбрана во сите фази на поведената арбитражна постапка и да достави информација до Владата со предлози за понатамошно постапување.

2. Го задолжи претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки, произлезени од меѓународни договори/заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, најдоцна во рок од седум дена, да свика состанок на Координативното тело за следење на арбитражните постапки, произлезени од меѓународните договори на кој ќе се разгледа предметот и ќе се состави предлог листа на меѓународни адвокатски куќи и за истото ќе достави информација до Владата по претходна консултација со експерти од областа.

Истовремено, Владата укажува на Град Скопје во рок од пет дена да номинира свој претставник, кој ќе учествува во работата на Координативното тело за следење на арбитражните постапки, произлезени од меѓународните договори за овој арбитражен предмет.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-кварцит на локалитетот „Црн Врв“, Општина Пробиштип и Општина Кратово.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за транспорт и врски (Имотен лист бр.46956, КО Центар 1, КП бр.9518).

**Точка 27**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Сенатор Македонија“ ДОО Скопје, со седиште на булевар „АВНОЈ“ бр.34 Скопје-Аеродром за деловната просторија во Подружница бр.5 Веро Скопје на бул.„Јане Сандански“ бр.79А Л4/5 Скопје.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.91192 и Имотен лист бр.148354, за КО Охрид 4, на КП бр.6002/8, викано место/улица „Горица“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95375 за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев, на КП бр.4940, викано место/улица „4 Јули“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 30**

Владата ја симна од Дневен ред Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 117473 за КО Центар 1 на КП бр. 10900/14 и КП бр. 10900/15 викано место/улица „М.Т.Гологанов“, Имотен лист бр.112729, за КО Центар 1, на КП бр.10900/2, КП бр.10900/4, КП бр.10900/8, КП бр.10900/16 и КП бр.10900/18, викано место/улица „М.Т.Гологанов“, Имотен лист бр.112728, за КО Центар 1, на КП бр.10901/2, КП бр.10901/3 и КП бр.10901/8, викано место/улица „И.Р.Лола“, Имотен лист бр.111603, за КО Центар 1, на КП бр.10926/2, викано место/улица „М.Т.Гологанов“, Имотен лист бр.112730, за КО Центар 1, на КП бр.10913/29 и КП бр.10913/32, викано место/улица „И.Р.Лола“, Имотен лист бр.111588, за КО Центар 1, на КП бр.10927, викано место/улица „М.Т.Гологанов“ и Имотен лист бр.111605, за КО Центар 1, на КП бр.10930/2, викано место/улица „М.Т.Гологанов“.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Методија Ристоски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1491 и Имотен лист бр.17, за КО Злокуќани , на КП бр.397 и КП бр.407, викано место/улица „Јурија“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за здравство.

**Точка 32**

Владата ја симна од Дневен ред Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за недвижен имот на КП бр.10900/16, КП бр.10900/18, КП бр.10900/2, КП бр.10900/4, КП бр.10900/8 запишани во Имотен лист бр. 112729 КО Центар 1 и КП бр.10901/2, КП бр.10901/3 и КП бр. 10901/8 запишани во Имотен лист бр. 112728 КО Центар 1, викано место/улица „Иво Лола Рибар“, на кој недвижен имот е сосопственик со Република Северна Македонија.

**Точка 33**

1. Владата го именува Емир Сулејмани, досегашен вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда за вршител на должноста директор на Управата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го именува Зоран Павлов, досегашен вршител на должноста директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура за вршител на должноста директор на Управата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата ја разреши Маријана Ристеска-Божиноски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија-Скопје, поради истек на мандатот.

3.1 Владата ја именува Јасминка Накева за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија-Скопје.

4. Владата ја разреши Симона Ивановска, претставник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции од должноста член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

4.1 Владата го именува Димитар Ванчов претставник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции за член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

5. Владата го разреши Илјаз Исмаили од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања-Скопје, поради истек на мандатот.

5.1 Владата го именува Енес Јашари за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања-Скопје.

6. Владата го именува Џемаил Јусуфи, досегашен вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за вршител на должноста директор на Инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата ја именува д-р Билјана Рајчинова-Николова за член на Одборот за соработка и доверба со јавноста-претставник на основачот на ЈНУ Институт за национална историја.

8. Владата го повлече предлогот од Сто седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 јули 2023 година, со кој му препорача на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија да го разреши Хајрула Мисини, а за вршител на должноста директор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија да го именува Ајдин Ајдини.

9. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија повторно да објави јавен оглас, во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда.

10. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во јавниот оглас што ќе го објави за именување на директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија покрај условите од членот 15 од Законот за филмска дејност во истиот да се додадат и два посебни услови, односно препораки од еснафски здруженија од областа на филмската дејност и препораки од меѓународни организации од областа на филмската дејност.

11. Се овластува Милан Живковиќ, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, да присуствува на седниците на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

11.1 Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести Тутунски комбинат АД Прилеп за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија за седниците на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп.

**Точка 34**

**1.** Владата го задолжи м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија до Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој да достави календар со План на активности во кој ќе биде наведен датумот на објавување на јавните повици кои следат за пријавување на заинтересирани кандидати за именување на членови на управни одбори на јавните претпријатија наведени во Извадокот од Нацрт-записникот од Сто осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 август 2023 година (под точка 119:Кадровски прашања), со цел претседателот и членовите на Комисијата да може навремено да ги планираат седниците кои ќе ги одржува Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој во врска со јавните повици, во својата агенда.

**2.** Владата на предлог на м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, заклучи:

- Се укажува на јавните претпријатија, акционерските друштва и другите државни институции кои имаат склучено менаџерски договори за директорот и заменикот на директорот, согласно одредбите од материјалните закони со кои е регулирано работењето на институциите, а кои се однесуваат на уредување на нивните обврски и односи со органите на управување на институцијата, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достават копии на менаџерските договори, најдоцна до 20 септември 2023 година.

**3.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста- „Триесет и две години независност“, утврди делегација за положување свежо цвеќе на гробовите на поранешните претседатели Киро Глигоров и Борис Трајковски, во следниот состав:

- д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија,

- д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,

- Славјанка Петровска, министер за одбрана,

- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и

- д-р Фатмир Меџити, министер за здравство.

**4.** Владата во врска со процесот на подготовка на Извештај за конкурентност на државите од Западен Балкан од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) 2024 заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за образование и наука (за димензија образование, со номиниран координатор на димензијата Арабела Илјаз) и Министерството за информатичко општество и администрација (за димензија дигитализација, со номиниран координатор на димензијата Надица Јосифовска) да ги пополнат прашалниците од ОЕЦД и истите пополнети да ги достават до ОЕЦД, најдоцна до 8 септември 2023 година.

**5.** Владата ја разгледа Информацијата за поддршка и помош во врска со организација на Аеромитингот во Стенковец, по повод сто години од постоење на Аероклубот Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за одбрана да обезбеди инженериска, логистичка, санитетска и безбедносна поддршка во рамките на капацитетите на Министерството, односно Армијата, за поддршка за организација на настанот.
2) Се задолжува Министерството за одбрана да организира прифаќање и испраќање на воените воздухоплови на земјите кои ќе учествуваат на настанот, согласно капацитетите и процедурите на воениот дел од Меѓународниот аеродром, Скопје.

3) Се задолжува Министерството за одбрана да обезбеди сместување и исхрана за припадниците на воените екипажи и тимови на земјите учеснички на Аеромитингот на Аеродромот Стенковец, Скопје.

4) Се задолжува Министерството за одбрана да обезбеди 20.000 литри млазно гориво и 10.000 литри авио бензин за учесниците на Аеромитингот, без надомест.

5) Се препорачува на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје и ТАВ Македонија, да ги ослободи од надомест за прелети и терминални услуги, воените воздухоплови на земјите учесници на Аеромитингот на Аеродромот Стенковец, Скопје.

6) Се препорачува на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди метална ограда за оградување на просторот.

**6.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за култура за повлекување од собраниска постапка на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*), под број 53-8223/1 од 5 септември 2023 година и притоа заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*), доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр. 41-1562/11 од 14 март 2023 година.

**Точка 35**

Владата го разгледа Годишниот извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, за периодот јануари-јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 37**

Владата го разгледа Акцискиот план за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерството за финансии-Царинска управа, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договорот за давање на дивеч во ловиште бр.2 „Копришница“ на користење-концесија по две завршени постапки пред Управниот суд и запирање на жалбената постапка од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот април-јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план на активности за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на усогласеност Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со поднесени тужби против Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, по основ на исплата на регрес за годишен одмор, новогодишен надоместок, за исплата на разлика во плата согласно задолжувања, односно овластувања, како и добиените пресуди по овој основ.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на министерски состанок во рамки на Третиот самит на први дами и господа во Киев, Украина, со текст на Изјава и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Изјавата за градење на отпорни меѓународни здравствени партнерства и оснажување на здравствените работници.

2. Се овластува проф.д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, да ја потпише Изјавата за градење на отпорни меѓународни здравствени партнерства и оснажување на здравствените работници.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за осигурување за едрилицата YU- 4108 „Илинденка“, дел од културно наследство на Република Србија, на Аеромитингот во Стенковец, Република Северна Македонија, по повод сто години постоење на Аероклубот Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина-варовник на локалитетот „Каратаж“, с.Горна Бањица, Општина Гостивар од Друштвото за производство и трговија на големо и мало Мали Лошињ ДОО експорт-импорт Скопје на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги Калцит минерал ДООЕЛ експорт-импорт Горна Бањица, Гостивар.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од склучување заем на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје со Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, за консолидација и нормализирање на финансиското работење на Друштвото, со Анализа на потребни дополнителни средства на месечно ниво за непрекинато функционирање на железничкиот систем и предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за спроведување на тендерска постапка по пат на јавен повик за избор на универзален снабдувач и ја усвои со следниве заклучоци усогласени со Секретаријатот за законодавство:

1. Се укажува на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија да изготви критериуми за избор на универзален снабдувач и истите во рок од 14 дена да ги достави до Владата.

2. Се задолжува Министерството за економија по добивањето на критериумите за избор на универзален снабдувач да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави, Предлог-одлука за започнување на постапката за избор на универзален снабдувач.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за изложување на едрилицата YU-4108 „Илинденка“, дел од културно наследство на Република Србија, на Аеромитингот во Стенковец, Република Северна Македонија по повод сто години постоење на Аероклубот Скопје ДОО и ја усвои со следните заклучоци усогласени со Секретаријатот за законодавство:

1. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерство за финансии-Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во соработка со Министерството за одбрана, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница и соодветно ослободување од процедурите за едрилицата YU- 4108 „Илинденка“.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, во рок од пет дена од склучување на договорот да склучи Меморандум за соработка со Министерството за култура, Националната установа Музеј на Македонија-Скопје и Аероклубот Скопје ДОО, со кој ќе се регулираат правата и обврските на секоја од договорните страни за преземање на активности поврзани со обезбедување на услови за изложувањето на едрилицата YU- 4108 „Илинденка“ на Аеродромот Стенковец.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за потпишување на Договор помеѓу Република Северна Македонија и Португалската Република во врска со соработката во областа на одбраната, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Министерството за надворешни работи):

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Португалската Република во врска со соработка во областа на одбраната.

2. Се определува Славјанка Петровска, министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Португалската Република во врска со соработка во областа на одбраната.

**Точка 49**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2023 година.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 15 Енергетика и 21 Трансевропски мрежи, од Кластер 4 Зелена агенда и одржлива поврзаност, на 14 и 15 септември 2023 година, во Брисел, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 15 Енергетика и 21 Трансевропски мрежи, на настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за изградба на Автопат Кичево-Охрид, ја усвои Информацијата и го овласти директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, во име на инвеститорот да даде согласност за откривање на цените од Договорот за изградба на Автопат Кичево-Охрид, само за потребите на арбитражната постапка пред меѓународен

арбитражен суд, која се води помеѓу Викторија инвест ДОО Елбасан и Синохидро корпорејшн лимитед (Sinohidro Corporation Limited).

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија да го застапува Министерството за транспорт и врски пред Постојниот избран суд-Арбитража при Стопанска комора на Република Северна Македонија, по тужба, добиена од тужителот ГД Гранит АД Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ги застапува интересите на Министерството за транспорт и врски пред Постојниот избран суд-Арбитража при Стопанска комора на Северна Македонија по тужба добиена од тужителот ГД Гранит АД Скопје.

2. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да определи државен правобранител, кој ќе ги застапува интересите на Министерството за транспорт и врски пред Постојниот избран суд-Арбитража при Стопанска комора на Северна Македонија, по тужба, добиена од тужителот ГД Гранит АД Скопје.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од учество на Република Северна Македонија во пилот-програмата за копродукција на сериска телевизиска програма на Еуримаж, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Советот на Европа и Министерството за култура на Република Северна Македонија за финансирање на проектот „Поддршка на програмата за телевизиски серии“.
2. Се овластува доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура да го потпише Договорот помеѓу Советот на Европа и Министерството за култура на Република Северна Македонија за финансирање на проектот „Поддршка на програмата за телевизиски серии“.

3. Се укажува на Агенцијата за филм, средствата во износ од 9.300.000.00 денари да ги обезбеди од посебната сметка 787 од Програма -31 Агенција за филм, од расходна ставка 464 и да ги уплати во фондот на Еуримаж за програмата за копродукција на сериска телевизиска програма на Еуримаж.

**Точка 54**

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/23), за период од 20 јуни 2023 година до 19 јули 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 55**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 17 август 2023 година до 23 август 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 56**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 18 август 2023 година до 24 август 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево и Крива Паланка и дел од Општина Ранковце, с.Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од 15 август 2023 година до 21 август 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 58**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 11 август 2023 година до 17 август 2023 година.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:15 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**